КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 28.04.2014 година, на сто и втората седница одржана на ден 16.05.2014 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1086-7
19.05 2014 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Заклучокот за утврдување на трошоци предвиден како извршна исправа во Законот за извршување го донесува извршителот по успешно спроведување на извршувањето или по запирање на извршувањето од причини утврдени во законот и истиот извршителот е должен да го достави до странките, и да му даде примерен рок на должникот доброволно да ја исполни обрската за плаќање на трошоците на извршувањето со кој е задолжен со Заклучокот.

По истекот на рокот за доброволно исполнување на обврската од страна на должникот, извршителот ќе стави потврда за извршност на Заклучокот за утврдување на трошоци.

Заклучокот за утврдување на трошоци како извршна исправа според Законот за извршување гласи на име на доверителот и врз основа на оваа исправа доверителот има право да ги побарува од должникот цената на администрирање, цената на извршните дејствија, наградата на извршителот за извршените дејствија, реалните трошоци и такси.

Надлежен за присилно спроведување на извршувањето на Заклучокот за утврдување на трошоци е извршителот кој го донел Заклучокот за утврдување на трошоци.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

______________________

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com